Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-747/4
Датум: 25-12-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 747/1 од 18.10.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје и [redacted] Скопје против [redacted], пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.12.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] врз трансродовите лица.

## Образложение

На 18.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 747/1 од 18.10.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје и [redacted] Скопје против [redacted] пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет.

Во претставката се наведува дека пријавениот [redacted] на својот профил на социјалната мрежа Facebook објавил слика од упатство за постапка за пријавување на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, со текстуална содржина:

*"Со оваа власт и во новата учебна година нема учебници за учениците но има инструкции за стручниот кадар од ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА да се евидентира ТРАНС или ДРУГ род на деца. Врз основа на кој закон Министерството за образование ја воведува ваквата родова идеологија во основните училишта? Има ли нешто што е свето за народот, а да не го уништува оваа однародена власт?".*

Според подносителите, ваквата објава на пријавениот била публикувана јавно и споделена од повеќе корисници на социјалната мрежа Facebook. На истата имало повеќе коментари од кои веднаш е видлив ефектот од повикувањето и поттикнувањето на дискриминацијата, од каде можат да се видат бројни коментари кои содржат вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како вид на дискриминација. Во претставката подносителите наведуваат и дел од коментарите, како:

- *"Decata ne treba roditelite da gi pustaat na uciliste na vakvite predavanja"*
- *"Бране каде е ова? Зарем нема да одговара директорката што дозволила да помине вакво нешто?"*
- *Супер си е, а можеби и малку е за нас. Штом си молчиме онаму каде што треба да се дејствува, значи дека прифаќаме се што е абнормално како да е нормално. НИШТО НЕ Е СЛУЧАЈНО!!!"*

За поткрепа на овие тврдења, подносителите како доказ доставуваат печатени копии од коментарите на објавата. Според подносителите со ваквите коментари се врши поттикнување на дискриминација, што е дефинирано како секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува или дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација. За повик на дискриминација врз основа на сексуална ориентација, според подносителите, може да се смета говор со кој се повикува власта да не овозможи некое право ЛГБТИ луѓето кое го имаат останатите. Со статусот се сторува повикување и поттикнување на дискриминација бидејќи според пријавениот стручните служби не треба да го бележат фактот што некое дете е трансродово во формуларите за евиденција на насилство, односно трансродовите лица треба да бидат невидливи како жртви на булинг и оттука насилството кон нив нема да се препознава нити ќе можат да се прибираат податоци за траснфобично насилство. Со вакviот статус, според подносителите, пријавениот повикува на нееднаквост на трансродовите ученици и нивна невидливост во превенција и заштита од насилство од страна на училиштата. Уште повеќе, со усвојување на ваквото упатство, тој вели дека на овој начин се уништува нешто што е свето за овој народ. Иако, согласно подносителите, не е јасно што е тоа што е свето и на кој начин тоа се уништува со препознавање на трансфобичното насилство во училиштата, со оваа изјава подносителите сметаат дека директно се повикува и поттикнува дискриминација, бидејќи се создава слика дека трансородноста е причина за уништување на се што е свето за народот, односно се прикажува како штетна, неморална, опасна за децата и целото општество. Според подносителите на овој начин се поттикнува дискриминација и се шират идеи за нееднаквост на трансродовите луѓе, се клеветат за уништување на општеството и се употребуваат за заплашување на јавноста со цел добивање политички поени.

На 25.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На 06.11.2023, во законски предвидениот рок до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од [redacted] Во поднесокот за произнесување [redacted] посочува дека претставката е доставена спротивно на чл. 24 ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата ја доставува претставката до лицето против кого е поднесена во рок од пет дена од денот на приемот на претставката, а во неговиот случај Комисијата му ја доставила претставката по седум дена од приемот на претставката од страна на подносителите. Понатаму, тој наведува дека во првата реченица од претставката се вели дека спорната објава е од 31.08.2021, што наведува на фактот дека

претставката е ненавремена, бидејќи истата е поднесена надвор од рокот предвиден во чл. 24, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.

Понатаму, во поднесокот за произнесување, [redacted] наведува дека не е точно дека со објавата се повикува и поттикнува дискриминација, односно дека се повикува на нееднаквост на трансродовоите ученици и дека истата е од пропагандистичка природа која има за цел да создаде непријателска и застрашувачка средина за трансродовите луѓе со цел промовирање на пратеникот и неговата партија. Се наведува дека носечките цели на подносителите на претставката е да се предизвика ограничување на практикувањето на слободите и правата кај еден дел граѓани и да се предизвика чувство на автоцензура, што е спротивно на Уставот. Од друга страна, тој наведува дека една од обврските како пратеник е да ја контролира работата на Владата и во тој контекст поставил јавно прашање до Министерството за образование врз основа на кој закон се евидентира родот како личен податок на деца од 6 до 14 години. Понатаму, наведува дека во согласност со нашето законодавство при прибирање на лични статистички податоци постои поимот пол, кој може да биде машки или женски, но никаде не е правно регулиран поимот род и неговите идентитетски можности. Во продолжение на поднесокот за произнесување, Петрушевски вели дека наводите од претставката се во спротивност со најмалку шест членови на Уставот и тоа чл. 1, чл. 8, чл. 9, чл. 16, чл. 19 и чл. 24, а со самото тоа и спротивни на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во поднесокот за произнесување се заклучува дека наводите од претставката на подносителите се неосновани, а вистинската цел е да се предизвика ограничување во практикувањето на слободите и правата, како и да се предизвика автоцензура кај дел од граѓаните на државата. Воедно, пријавениот дискриминатор запрашува дали подносителите на претставката не го злоупотребиле правото да поднесуваат претставки, загарантирано со чл. 24 од Уставот, со намера да влијаат да биде извршено кршење на правата и слободите на граѓаните на Република Македонија. Последно во поднесокот за произнесување, [redacted] бара Комисијата да покрене постапка по службена должност за подносителите на претставката за вршење на директна дискриминација и вознемирување врз него по основ на социјално потекло, верско уверување и општествен статус во областа на јавно информирање, како и членувањето во здруженија на граѓани и фондации или други организации, засновани на членство.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката и наводите од поднесокот за произнесување по претставката, Комисијата утврди дека е сторено веројатно тврдењето на подносителите за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет. Веројатно е тврдењето за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација со кое се докажува истовремено и поврзано постоење на **активност** со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатство или поттикнува да се изврши дискриминација и постоење на **дискриминаторска основа.** Со докажување на подносителите дека објавата на посочениот дискриминатор како активност директно охрабрува, повикува и поттикнува на дискриминација врз трнсродовите лица се зема за веројатно тврдењето за можна дискриминација. Врз основа на тоа и одредбата од член 26


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз посочениот дискриминатор се префрли товарот да докаже дека со неговите активности не сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Од причина што посочениот дискриминатор не го докажа спротивното, во однос на содржината на спорната објава, Комисијата ценеше дека со истата се врши повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација на трасродовите ученици врз основа на родов идентитет, во смисла на чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Повикувањето на дискриминација се врши преку повикување за нееднаквост на трансродовите ученици и негирање на нивното правото да бидат заштитени од страна на училиштето доколку бидат жртви на било која форма на насилство, злоупотреба и занемарување врз основа на нивниот родов идентитет, право кое произлегува од подазконски правен акт, кој важи за сите ученици. Комисијата ценеше дека поттикнувањето на дискриминацијата е направено со прикажување на трансродовоста како штетна, неморална, опасна појава и повикува на нееднаквост на лицата кои ја имаат таа заштитна карактеристика. Од контекстот на објавата произлегува дека посочениот дискриминатор ја шири идејата за нееднаквост на трансродовите ученици со тоа што доколку истите бидат жртви на некоја од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, тој ја банализира потребата истите да бидат заштитени и ги прикажува како непогодни да ја добијат заштитата, што всушност доведува до повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Дополнително, посочениот дискриминатор поттикнал коментари на својата објава и не ја презел одговорноста истите да ги модерира или отстрани, со оглед на тоа што се наоѓаат на неговиот профил. Тоа особено се зема предвид, како и фактот што посочениот дискриминатор е пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поради што сноси и висока општествена одговорност.

Во однос на аргументацијата на пријавениот дискриминатор за процесни пропусти на Комисијата во проследувањето на претставката, Комисијата ценеше дека иако претставката е доставена во рок од седум, наместо пет дена, тој факт не влијае врз законскиот рок за произнесување по претставката, бидејќи рокот за произнесување по наводите од претставката за пријавениот дискриминатор почнува да тече од моментот кога тој ќе ја прими претставката, односно од 25.10.2023 година. Во однос на наводите за ненавременост на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по увид на спорната објава на социјалната мрежа Facebook констатираше дека објавата е од 31.08.2023 година, а не од 31.08.2021 година како што е наведено во претставката, што значи дека претставката е благовремено поднесена, во законски предвидениот рок од чл. 24, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително, истата до моментот на донесување на ова мислење е сè уште поставена на социјалната мрежа Facebook и содржината од објавата сè уште повикува, поттикнува и инструира дејствија на дискриминација.

Врз основа на наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека [redacted] со содржината на неговата објава на социјалната мрежа Facebook сторил повикување, поттикнување и инстукција за дискриминација врз основа на родов идентитет од **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дис криминација, по утврденото повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] да ја отстрани објавата со која повикува, поттикнува и инструира дискриминација од својот профил на социјалната мрежа Facebook **во рок од 30 дена од прием на мислењето и препораката и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да се воздржи од активности со кои се повикува и поттикнува дискриминација или со кои се инструира извршување на дискриминација во јавниот и медиумски простор врз основа на родов идентитет или било која од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-
-

Архивски број: 08-747/4
Датум: 25-12-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 747/1 од 18.10.2023 година, поднесена од Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје и Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР Центар Скопје против Бране Петрушевски, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.12.2023 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми од страна на Бране Петрушевски врз трансродовите лица.

**О б р а з о л ж е н и е**

На 18.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 747/1 од 18.10.2023 година, поднесена од Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје и Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР Центар Скопје против Бране Петрушевски, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет.

Во претставката се наведува дека пријавениот Бране Петрушевски на својот профил на социјалната мрежа Facebook објавил слика од упатство за постапка за пријавување на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, со текстуална содржина:

*"Со оваа власт и во новата учебна година нема учебници за учениците но има инструкции за стручниот кадар од ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА да се евидентира ТРАНС или ДРУГ род на деца. Врз основа на кој закон Министерството за образование ја воведува ваквата родова идеологија во основните училишта? Има ли нешто што е свето за народот, а да не го уништува оваа однародена власт?".*

Според подносителите, ваквата објава на пријавениот била публикувана јавно и споделена од повеќе корисници на социјалната мрежа Facebook. На истата имало повеќе коментари од кои веднаш е видлив ефектот од повикувањето и поттикнувањето на дискриминацијата, од каде можат да се видат бројни коментари кои содржат вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како вид на дискриминација. Во претставката подносителите наведуваат и дел од коментарите, како:

- *"Decata ne treba roditelite da gi pustaat na uciliste na vakvite predavanja"*
- *"Бране каде е ова? Зарем нема да одговара директорката што дозволила да помине вакво нешто?"*
- *Супер си е, а можеби и малку е за нас. Штом си молчиме онаму каде што треба да се дејствува, значи дека прифаќаме се што е абнормално како да е нормално. НИШТО НЕ Е СЛУЧАЈНО!!!"*

За поткрепа на овие тврдења, подносителите како доказ доставуваат печатени копии од коментарите на објавата. Според подносителите со ваквите коментари се врши поттикнување на дискриминација, што е дефинирано како секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува или дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација. За повик на дискриминација врз основа на сексуална ориентација, според подносителите, може да се смета говор со кој се повикува власта да не овозможи некое право ЛГБТИ луѓето кое го имаат останатите. Со статусот се сторува повикување и поттикнување на дискриминација бидејќи според пријавениот стручните служби не треба да го бележат фактот што некое дете е трансродово во формуларите за евиденција на насилство, односно трансродовите лица треба да бидат невидливи како жртви на булинг и оттука насилството кон нив нема да се препознава нити ќе можат да се прибираат податоци за траснфобично насилство. Со ваквиот статус, според подносителите, пријавениот повикува на нееднаквост на трансродовите ученици и нивна невидливост во превенција и заштита од насилство од страна на училиштата. Уште повеќе, со усвојување на ваквото упатство, тој вели дека на овој начин се уништува нешто што е свето за овој народ. Иако, согласно подносителите, не е јасно што е тоа што е свето и на кој начин тоа се уништува со препознавање на трансфобичното насилство во училиштата, со оваа изјава подносителите сметаат дека директно се повикува и поттикнува дискриминација, бидејќи се создава слика дека трансородноста е причина за уништување на се што е свето за народот, односно се прикажува како штетна, неморална, опасна за децата и целото општество. Според подносителите на овој начин се поттикнува дискриминација и се шират идеи за нееднаквост на трансродовите луѓе, се клеветат за уништување на општеството и се употребуваат за заплашување на јавноста со цел добивање политички поени.

На 25.10.2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Бране Петрушевски.

На 06.11.2023, во законски предвидениот рок до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите од претставката од Бране Петрушевски. Во поднесокот за произнесување Петрушевски посочува дека претставката е доставена спротивно на чл. 24 ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата ја доставува претставката до лицето против кого е поднесена во рок од пет дена од денот на приемот на претставката, а во неговиот случај Комисијата му ја доставила претставката по седум дена од приемот на претставката од страна на подносителите. Понатаму, тој наведува дека во првата реченица од претставката се вели дека спорната објава е од 31.08.2021, што наведува на фактот дека

претставката е ненавремена, бидејќи истата е поднесена надвор од рокот предвиден во чл. 24, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.

Понатаму, во поднесокот за произнесување, Петрушевски наведува дека не е точно дека со објавата се повикува и поттикнува дискриминација, односно дека се повикува на нееднаквост на трансродовоите ученици и дека истата е од пропагандистичка природа која има за цел да создаде непријателска и застрашувачка средина за трансродовите луѓе со цел промовирање на пратеникот и неговата партија. Се наведува дека носечките цели на подносителите на претставката е да се предизвика ограничување на практикувањето на слободите и правата кај еден дел граѓани и да се предизвика чувство на автоцензура, што е спротивно на Уставот. Од друга страна, тој наведува дека една од обврските како пратеник е да ја контролира работата на Владата и во тој контекст поставил јавно прашање до Министерството за образование врз основа на кој закон се евидентира родот како личен податок на деца од 6 до 14 години. Понатаму, наведува дека во согласност со нашето законодавство при прибирање на лични статистички податоци постои поимот пол, кој може да биде машки или женски, но никаде не е правно регулиран поимот род и неговите идентитетски можности. Во продолжение на поднесокот за произнесување, Петрушевски вели дека наводите од претставката се во спротивност со најмалку шест членови на Уставот и тоа чл. 1, чл. 8, чл. 9, чл. 16, чл. 19 и чл. 24, а со самото тоа и спротивни на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во поднесокот за произнесување се заклучува дека наводите од претставката на подносителите се неосновани, а вистинската цел е да се предизвика ограничување во практикувањето на слободите и правата, како и да се предизвика автоцензура кај дел од граѓаните на државата. Воедно, пријавениот дискриминатор запрашува дали подносителите на претставката не го злоупотребиле правото да поднесуваат претставки, загарантирано со чл. 24 од Уставот, со намера да влијаат да биде извршено кршење на правата и слободите на граѓаните на Република Македонија. Последно во поднесокот за произнесување, Петрушевски бара Комисијата да покрене постапка по службена должност за подносителите на претставката за вршење на директна дискриминација и вознемирување врз него по основ на социјално потекло, верско уверување и општествен статус во областа на јавно информирање, како и членувањето во здруженија на граѓани и фондации или други организации, засновани на членство.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката и наводите од поднесокот за произнесување по претставката, Комисијата утврди дека е сторено веројатно тврдењето на подносителите за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз трансродовите лица во областа на јавно информирање и медиуми врз основа на родов идентитет. Веројатно е тврдењето за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација со кое се докажува истовремено и поврзано постоење на **активност** со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатство или поттикнува да се изврши дискриминација и постоење на **дискриминаторска основа.** Со докажување на подносителите дека објавата на посочениот дискриминатор како активност директно охрабрува, повикува и поттикнува на дискриминација врз трнсродовите лица се зема за веројатно тврдењето за можна дискриминација. Врз основа на тоа и одредбата од член 26

од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз посочениот дискриминатор се префрли товарот да докаже дека со неговите активности не сторил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација. Од причина што посочениот дискриминатор не го докажа спротивното, во однос на содржината на спорната објава, Комисијата ценеше дека со истата се врши повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација на трасродовите ученици врз основа на родов идентитет, во смисла на чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Повикувањето на дискриминација се врши преку повикување за нееднаквост на трансродовите ученици и негирање на нивното правото да бидат заштитени од страна на училиштето доколку бидат жртви на било која форма на насилство, злоупотреба и занемарување врз основа на нивниот родов идентитет, право кое произлегува од подазконски правен акт, кој важи за сите ученици. Комисијата ценеше дека поттикнувањето на дискриминацијата е направено со прикажување на трансродовоста како штетна, неморална, опасна појава и повикува на нееднаквост на лицата кои ја имаат таа заштитна карактеристика. Од контекстот на објавата произлегува дека посочениот дискриминатор ја шири идејата за нееднаквост на трансродовите ученици со тоа што доколку истите бидат жртви на некоја од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, тој ја банализира потребата истите да бидат заштитени и ги прикажува како непогодни да ја добијат заштитата, што всушност доведува до повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Дополнително, посочениот дискриминатор поттикнал коментари на својата објава и не ја презел одговорноста истите да ги модерира или отстрани, со оглед на тоа што се наоѓаат на неговиот профил. Тоа особено се зема предвид, како и фактот што посочениот дискриминатор е пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поради што сноси и висока општествена одговорност.

Во однос на аргументацијата на пријавениот дискриминатор за процесни пропусти на Комисијата во проследувањето на претставката, Комисијата ценеше дека иако претставката е доставена во рок од седум, наместо пет дена, тој факт не влијае врз законскиот рок за произнесување по претставката, бидејќи рокот за произнесување по наводите од претставката за пријавениот дискриминатор почнува да тече од моментот кога тој ќе ја прими претставката, односно од 25.10.2023 година. Во однос на наводите за ненавременост на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по увид на спорната објава на социјалната мрежа Facebook констатираше дека објавата е од 31.08.2023 година, а не од 31.08.2021 година како што е наведено во претставката, што значи дека претставката е благовремено поднесена, во законски предвидениот рок од чл. 24, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително, истата до моментот на донесување на ова мислење е сè уште поставена на социјалната мрежа Facebook и содржината од објавата сè уште повикува, поттикнува и инструира дејствија на дискриминација.

Врз основа на наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека Бране Петрушевски со содржината на неговата објава на социјалната мрежа Facebook сторил повикување, поттикнување и инстукција за дискриминација врз основа на родов идентитет од **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дис криминација, по утврденото повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Бране Петрушевски да ја отстрани објавата со која повикува, поттикнува и инструира дискриминација од својот профил на социјалната мрежа Facebook **во рок од 30 дена од прием на мислењето и препораката и за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Бране Петрушевски во иднина да се воздржи од активности со кои се повикува и поттикнува дискриминација или со кои се инструира извршување на дискриминација во јавниот и медиумски простор врз основа на родов идентитет или било која од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе го следи спроведувањето на препораката до нејзиното исполнување. Доколку лицето кон кое е упатена препораката во законски предвидениот рок не постапи по истата, Комисијата согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Бране Петрушевски со електронска адреса: b.petrusevski@sobranie.mk
- Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје со седиште на ул. „Народен Фронт" бр. 27 – 36, 1000 Скопје
- Скопски КВИР ЦЕНТАР Здружение за сексуални и родови малцинства со седиште на ул. „Никола Тесла" бр. 2/1-10, 1000 Скопје